

# СЕ ПЕНЗИОНИРА ПРОФ. Д-Р БЛАГОРОДНА ЛАЗАРЕВСКА

На 15 јануари 1993 година, на свое барање, се пензионира проф. д-р Благородна Лазаревска, долгогодишен наставник по орална патологија со пародонтологија, признат стручњак во својата област и еден од втемелувачите на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

**Проф. д-р Благородна Лазаревска** е родена во Прилеп, во 1932 година, а дипломирала стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Белград во 1957 година. Во 1961 година била избрана за асистент по предметот болести на устата на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во 1980 година била избрана за редовен професор, во кое звање и го пресретнала пензионирањето.

Интересот за научна и стручна дејност кај професор Благородна Лазаревска, од нејзиното вработување во научно-едукативната институција, не го намали интензитетот. Секогаш беше во тек со новите сознанија, било да ги стекнала таа, лично, или во заедница со своите соработници.

Во текот на долгогодишната наставна, едукативна и апликативна дејност, под нејзино менторство се формираа квалитетни кадри кои ќе ја продолжат успешната традиција на Клиниката. Своето богато искуство таа перманентно го пренесуваше на студентите, соработниците и специјализантите.

Во својата научна дејност, прво место им даваше на проблемите од областа на пародонтопатијата. Нејзината стручна и научна активност е особено плодна. Со своето активно присуство во стоматолошката наука во текот на триесет и петгодишното ангажирање, професор Лазаревска го исполни својот работен век со голем број научни и стручни трдудови, проекти и атести на медикаменти.

Како основач и долгогодишен управник на Клиниката за болести на устата, таа ја издигна на високо ниво, кое ја вбројува меѓу клиниките кои ги следат научните и стручните достигнувања преку стручната литература, едукацијата на кадри во институциите надвор од нашата Република и, особено, преку примената на нови методи и иследувањата од областа на оралната патологија.

Личноста на професор Лазаревска се согледува и преку непосредноста во комуникациите со нејзините соработници, студенти и специјализанти. Таа се одликува со големо трпение и нејзиниот пристап кон проблемите секогаш беше конструктивен, што придонесе, во периодот на формирањето на Факултетот, да биде два пати избирана за продекан и еднаш за декан.

Професор Лазаревска секогаш беше општествено ангажирана. Беше претседател и член на самоуправните органи, одбори и комисии, член на Републичката комисија за изработка на план и развој на научните дејности на СРМ, апстрактор на Научниот билтен на Сојузот на академиите на науките и уметностите на Југославија и претседател на Секцијата за болести на устата, забите и пародонтот. Како заменик на главниот уредник на списанието Македонски стоматолошки преглед, придонесе во неговото офор-мување и издигање. Одликувана е со Орден на трудот со сребрен венец.

Сега, во оваа пригода, заблагодарувајќи и се на професор Лазаревска за нејзиното богато творечко дело и непрекинатата работа на сите полиња, ми преостанува, од името на нејзините ученици, колеги, соработници и, пред се, пријатели, и од свое лично име, да и посакаме пријатен и долг одмор по долгогодишната работа со нас.

**Проф. д-р Марија Накова**